Бр./Nr 12-2221/4
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2221/1 од 16.06.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за вработување на помлад соработник за документација во НУ ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот, поради тоа што по предметниот случај постапил друг надлежен орган, кој не констатирал неправилности во предметната постапка.

Предметот со број 12-2221/1 од 16.06.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК е поднесена анонимна пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за вработување на помлад соработник за документација во НУ ---- по која е оформен предмет број 12-2221/1 од 16.06.2026 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомневање за неправилности во спроведувањето на постапката за вработување на помлад соработник за документација во НУ ----, спроведена по оглас објавен на ---- година, во која бил избран кандидатот ----. Подносителот на пријавата наведува околности кои упатуваат на сомневање во транспарентноста на постапката по огласот, а воедно изразува и сомневање по однос на исполнетоста на критериумите и условите предвидени во постапката за вработување.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот управен инспекторат.

Државниот управен инспекторат, постапувајќи по барањето на ДКСК, , извршил вонреден инспекциски надзор над субјектот НУ ----, а за извршениот инспекциски надзор бил составен Записник ИП1 број ---- од ---- година, во кој е утврдено дека сите предвидени фази од постапката за вработување на јавен службеник по пат на јавен оглас се спроведени. Притоа, Државниот управен инспекторат констатирал дека нема надлежност да ја цени законитоста на донесените акти, поради што, согласно член 68 став 4 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25 и 269/25), конкретната инспекциска постапка, покрената по иницијативата ИП1 број ---- од ---- година, била запрена.

Од сето погоре наведено, ДКСК констатира дека по предметниот случај постапил друг надлежен орган – Државниот управен инспекторат, кој извршил вонреден инспекциски надзор при кој не биле утврдени конкретни неправилности туку е констатирано дека предвидените фази од постапката се спроведени, по што била запрена инспекциската постапка .

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател,

Адем Чучуљ

Изработил: К.К., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar